


**Мускули на плоштад.** Во недостиг на култура на негување на просторот, плоштадот станува арена за битки на издржливост. Дорбо е барем кога се организирани...

# Аце ќе јава. Опозицијата немоќна пред споменикот на Александар.


Маја НЕДЕЛКОВСКА


Поради грандиозноста на најавениот споменик на Александар Македонски качен на коњ, скопјани се шегуваат - највпечатливи ќе бидат мадињата на Букефал! За жал, ниту шегите ниту сериозните предупредувања не ги спречија официјалните најави дека овој монументален споменик на големиот војсководец, сепак ќе никне на плоштадот Македонија во Скопје.

Сепак, мистеријата за судбината на овој споменик, кој треба да биде круна на антиквизацијата на Македонија, ја одржува и општина Центар, која треба да го подигне паметникот. Се плетат различни приказни, сосема контрадикторни.

Она што до неодамна интензивно се зборуваше, дека мнозинството на опозициски советници во новиот Совет на општината ќе ги помести плановите за изградба на споменикот, деновиве како да се разниша. Советниците од СДСМ, кои се најбројни, со 11 члена, останаа без гласовите на нивните колеги од ЛДП и НСДП, на чии гласови тие сметаат. На седницата на која се избираше претседател на Советот, мнозинство гласови доби кандидатот на ВМРО, Владимир Здравев. И покрај ова, останува прашањето дали е можно да се поматат сметките за изградба на споменикот.



Сега, бр. 1, 30. 4. 2009

Професорот на Архитектонскиот факултет, Мирослав Грчев, забележува дека секој ден се крадат и се уништуваат бисти и споменици од Македонци, кои го положиле својот живот за нашата сегашна благосостојба и слобода. Тоа се луѓето на кои им го должиме нашиот јазик, култура и идентитет.

- Имам впечаток како таа бронза владата лично ја краде и ја претопува, за да лие споменици кои практично немаат никаква важност за нашата суштина и за идентитетот. Освен тоа, секоја нормална цивилизација прави сè за нивните центри да ги имаат делата од најдобрите и од најпознатите уметници, скулптори и архитекти. Се прават вистински конкурси, а не како овде. Скандалозно е тоа што се трошат милиони евра за да градиме огромни споменици, кои ги изработиле дебитанти. Тие не се ништо друго, освен бронзени билборди за рекламирање на владејачката партија - категоричен е Грчев.

### Скопје како Догвил

Познатиот архитект, кој беше и градоначалник на општина Центар, прецизира дека владата исфорсирала две измени и дополнувања на планот за Мал ринг, односно за централното градско подрачје, во 2007 и во 2008 година, кои, како што вели тој, се содржински спротивни на Генералниот урбанистички план за град Скопје.

- Владата го искористи тоа што Уставниот суд се прогласи за ненадлежен, односно ги отфрли содржински иницијативите кои беа против измените. Тоа се случи поради непознавањето на проблематиката на урбанистичките планови, која

**крвотокот на градското јадро, станува не-место, изгубено низ лавиринтите на агресивниот ум**

не е во опсегот на правната наука - вели Грчев.

Наде Проева, професорка на Филозофскиот факултет во Скопје на Катедрата за историја, вели дека споменици на луѓето што ја задолжиле човековата цивилизација, а еден од ние е и Александар, се градат насекаде во светот, а не само од местото од каде што потекнале тие личности. Со изградбата на споменик се оддава почит на таквата личност и тоа е знак на признание, пријателство и на цивилизациски гест.

- Арно ама, кај нас на Балканот, значењата на многу нешта се испревртени, особено кај нашиот јужен сосед. Затоа мислам дека овој миг не е најпогоден за поставување споменик на Александар на скопскиот плоштад - вели Проева.

Таа ја оспорува и локацијата предвидена за овој монумент.

- Мислам дека со тоа во голема мера ќе се затвори видикот кон Старата чаршија и кон Камени мост, кој е еден од белезите на Скопје. Главниот збор за оваа работа треба да го водат урбанистите, а не политичарите - вели таа.

Теоретичарката на културата, Искра Гешоска, која е извршен директор во културниот центар "Точка", објаснува дека јавниот простор, крвотокот на градското јадро, станува не-место, кое се притаило или изгубило низ лавиринтите на безумниот, агресивен, игнорантен, квазиполитички ум, кој не познава ништо друго, освен сопственото прагматично самољубие.

- Нашиот град не е град. Нашиот град се претвора во своевиден Догвил, во кој секој миг очекувате да се случи насилие од најстрашен вид, насилие кое го одзема правото на урбаниот хоризонт, не само во архитектонска туку и во интимно-граѓанска и во колективно-политичка смисла - додава Гешоска.

### Соседите се мајтапат

Земјите од нашето соседство почнаа и да се шегуваат на наша сметка. Неодамна, српскиот блогер Александар Илиќ објави дека е пронајдена гробницата на Александар Македонски. Тој измисли име на граничен премин кај нас, градежна фирма, музеи и други институции, а неговата шега стаса на насловните страници на нашите весници. Неговиот блог беше на насловната страница на порталот "Сити магазин", а уште веднаш се виде дека станува збор за шега. Тогаш телефонот на првиот археолог Паско Кузман се вжешти, бидејќи сите го бараа директорот на Управата за заштита на културното наследство за да го прокоментира случајот.

Хрватската национална телевизија, на ден пред Велигден имаше прилог со наслов "Македонија, земја во замка".

- Актуелната десна влада очигледно ќе гради споменик на самата себеси, со подигнување на кипот на Александар Македонски, висок 30 метри. Затоа, пак, две третини од Скопје нема атмосферска канализација - коментира новинарот на ХТВ во прилогот.

Во скопскиот Драмски театар, месецов беше поставена претставата "Александар", работена по текст и режија на поранешниот собранички спикер Љубиша Георгиевски. Познатиот режисер и политичар го нарече војсководецот историски суперстар, а со претставата ќе се преиспита дали може да биде и драмски суперстар.

Едно е сигурно - антиквизирана Македонија стана една голема комендија.

## Штулиќ бара издавач за Александар

Живата легенда на југословенската музика, Џони Штулиќ се нарекуваше себеси Македонец можеби поради тоа што е роден во Скопје. Во последниве две децении тој не се занимава со музика. Водачот на "Азра", покрај тоа што ги преведуваше "Илијада", "Одисеја" и некои сумерски епови и други стари записи, напиша и биографија на Александар Македонски. Неодамна даде интервју за белградскиот весник "Вечерње новости". Кажа дека ја завршил неговата работа, а сега чека издавач за неговите дела од 20 тома, чиј дел е и биографијата на војсководецот. Во целиот овој интерес на владата и на нашата јавност за Александар Македонски, гледа ли некој предизвик за овој потфат на легендата?